Архивски број: 08-809/1
Датум: 26-10-2026

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 761/1 од 28.10.2025 година, поднесена од ---------- во име на ----------, од ----------, против ----------, ---------- и ----------, за заштита од дискриминација по основ на попреченост во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА вознемирување врз основа на попреченост во областа на пристап до добра и услуги од страна на ---------- врз ----------.

О б р а з л о ж е н и е

На 28.10.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на ---------- во име на нејзиниот син ---------- против ----------, ---------- и ----------.

Во претставката се наведува дека подносителката ---------- е родител на малолетно дете ----------, кој има дијагностицирано нарушување од аутистичен спектар со високофункционален профил. Во претставката наведува настан кој се случил на 27.10.2025 година во непосредна близина на училиштето ---------- во ----------, неколку минути пред 8 часот наутро. Во наведениот случај, како што тврди подносителката против нејзиното дете е направено обвинение за кражба во локалната продавница. Детето како што е наведено влегло во продавницата со пијалок купен од друга продавница. Продавачката, иако свесна за состојбата на детето, му се обратила со зборовите: „----- зошто крадеш“?, ----- остави го сокот! И други неосновани констатации упатени пред луѓето присутни во продавницата. Подносителката наведува дека детето има дијагностицирано нарушување од аутистичниот спектар и дека, поради неговите специфични комуникациски и социјални потреби, не успеало соодветно да ја објасни ситуацијата. Како последица на настанот, детето било видно вознемирено, плачело и покажувало страв и отпор кон повторно влегување во продавницата.

Во претставката дополнително се наведува дека при последователниот разговор, во присуство на родителот, продавачката повторно се обратила со повишен тон и ја коментирала состојбата на детето.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на чл. 27, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за произнесување по претставката до посочениот дискриминатор.

Во доставеното изјаснување, ----------, преку полномошник ----------, адвокат од Скопје, со седиште на ---------- Скопје ги оспорува наводите на подносителката и наведува дека детето било вознемирено поради тоа што не можело да го пронајде својот паричник. Таа тврди дека се обидувала да го смири детето и да му помогне, без да употреби навредливи или дискриминаторски зборови.

Кон изјаснувањето се приложени две писмени изјави од лица кои биле присутни во маркетот. Во нив се потврдува дека детето плачело и го барало паричникот, како и дека продавачката се обидувала да го смири.

Согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, вознемирување претставува несакано постапување кон лице или група на лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

За утврдување вознемирување не е неопходно да постои намера за повредување на достоинството. Релевантни се и последиците од постапувањето, оценети во контекст на конкретните околности.

Во предметниот случај, од особено значење е фактот дека станува збор за малолетно дете со попреченост, кое поради своите индивидуални комуникациски и социјални карактеристики има потреба од пристап приспособен на неговата состојба.

Во конкретниот предмет, Комисијата го цени и изјаснувањето на пријавеното лице и приложените сведочења. Фактот дека сведоците наведуваат дека продавачката се обидувала да го смири детето претставува релевантна околност. Меѓутоа, Комисијата оцени дека овие изјави не ги опфаќаат сите околности на кои се повикува подносителката, особено последователната комуникација во присуство на мајката на детето. Оттука, нивната содржина не може да се третира како целосно побивање на сите наводи од претставката.

Комисијата изврши увид и во доставената документација и стручно мислење од Невроразвојниот центар „Во мојот свет“, изготвена на 28.10.2025 година, односно еден ден по предметниот настан. Во документот е наведено дека малолетниот ----------, кој има дијагностицирано нарушување од аутистичниот спектар, бил донесен на стручна консултација поради доживеан трауматичен настан. При консултацијата биле забележани изразена вознемиреност, анксиозност и промени во неговото секојдневно функционирање. Дополнително е забележано дека на емоционален план детето доживеало вознемиреност и чуство на страв, додека на бихејвиорален план имало повлекување, одбивање да се посетува училиште, и несоница. Во стручниот наод е наведена дијагноза F43.0 – акутна реакција на стрес, а препорачано е психолошко советување и продолжување на терапевтската поддршка.

Комисијата ја цени и потврдата издадена од Министерството за внатрешни работи, Полициското одделение -----, од која произлегува дека настанот од 27.10.2025

година бил пријавен од страна на мајката на детето. Од потврдата произлегува дека полициските службеници презеле дејствија по пријавата, вклучително и разговор со ----------, на која ѝ било изречено усно предупредување, за што била составена службена белешка.

Врз основа на сите доставени документи Комисијата смета дека при оценувањето на постапувањето кон дете со попреченост не може да се применува исклучиво општ критериум за вообичаена комуникација со купувачите. Неопходно е да се земат предвид возраста на детето, неговата попреченост, неговата можност да ја разбере и објасни ситуацијата и начинот на кој однесувањето на возрасно лице може да влијае врз неговото достоинство.

Имајќи ги предвид сите околности, како и фактот дека согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација за постоење вознемирување не е неопходна намера за повредување на достоинството, Комисијата утврди дека постапувањето на ---------- претставува вознемирување врз основа на попреченост во областа на пристап до добра и услуги.

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

ПРЕПОРАКА:

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ---------- во иднина да се воздржува од какво било вознемирувачко, понижувачко или навредливо постапување кон лица со попреченост, особено кон деца со попреченост, при пристапот до добра и услуги, водејќи сметка за нивното достоинство, индивидуалните потреби и правото на еднаков третман.

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

-Архива